АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 08-03-2018

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 10 | 1083 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Редовен;

2. **Субјект на надзорот:** Првиот радио програмски сервис на Јавното претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО–ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонско радио – Прв програмски сервис (МРА1);

3. **Период опфатен со надзорот:** 5 февруари 2018 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 7 март 2018 година;

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 14 од Законот за медиуми** (Импресум);
   - **Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Информации достапни за корисниците);
   - **Член 97 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Идентификација на радиодифузер);

6. **Претходно изречена мерка:** Нема;

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот надзор врз Првиот радио програмски сервис на Јавното претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО–ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонско радио – Прв програмски сервис (МРА1), емитуван на 5 февруари 2018 година, на државно ниво, **констатирани се прекршувања на административните обврски од членот 14 на Законот за медиуми.**

Во одредени изданија на засебни аудио целини со информативна функција во вкупноемитуваната програма, воопшто не се објавени нужните административни

податоци за одговорниот уредник или за посебните уредници, за авторскиот новинарско-реализаторски тим на емисиите, ниту е објавен датумот на нивната продукција.

**05.02.2018 година**

| Наслов на емисијата | Период на емитувањето | | Опис на прекршувањето |
|---|---|---|---|
| | Почеток | Крај | |
| *Ноќен информатор* | 00:59.10 | 01:03:54 | За ниту една од наведените засебни информативни целини не се објавени нужните административни податоци за уредувачкиот, за авторскиот новинарско – реализаторски тим, ниту за датумот на продукцијата; |
| *Ноќен информатор* | 02:58:40 | 03:04:44 | |
| *Вести на Прва* | 04:58:18 | 05:04:09 | |
| *Вести на Прва* | 05:58:51 | 06:02:25 | |
| *Вести на Прва* | 07:59:19 | 08:02:01 | |
| *Вести на Прва* | 08:59:30 | 09:01:45 | |
| *Вести на Прва* | 09:59:29 | 10:03:47 | |
| *Вести на Прва* | 10:58:41 | 11:01:28 | |
| *Точно на пладне* | 11:58:45 | 12:11:39 | |
| *Вести на Прва* | 12:58:15 | 13:02:05 | |
| *Вести на Прва* | 13:59:20 | 14:02:42 | |
| *Вести на Прва* | 16:58:52 | 17:05:25 | |

**Белешка:** *Административните податоци барани според членот 14 од Законот за медиуми, само делумно се застапени во голем број засебни емисии со различна функција во програмскиот сервис на Првата програма на Македонското радио. Под засебни емисии се подразбираат – аудио целини со сопствен програмски идентитет, обликуван според изборот на темата и на музичките илустрации, и според начинот (жанрот) по кој е новинарски осмислена содржината. Поради ова,*

*препорачливо е да се следи примерот на емисиите: „Одблесоци на неделата“, „Press-19“ или „Од нашиот незаборав“.*

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на членот 14 од Законот за медиуми,** радио програмскиот сервис на Јавното претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО–ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонско радио – Прв програмски сервис (МРА1), емитуван на 5 февруари 2018 година, на државно ниво, во одредени засебни информативни целини не ги објави нужните административни податоци за уредиништвото, за новинарско-реализаторскиот тим и за датумот на продукцијата.

9. **Предлог мерка:**

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Јавното претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО–ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Македонско радио – Прв програмски сервис (МРА1), и согласно со точката 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 45 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***